# Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ЈУЛИ 2011 - БРОЈ 17









# Поделени првите Решенија за легализација на дивоградби

По неполни два месеци од стапување на сила на Законот за постапување со бесправно изградените градби, градоначалникот Тони Трајковски ги потпиша првите осумнаесет Решенија за утврдување на правен статус на бесправните објекти од подрачјето на општина Гази Баба. Решенијата ги подели претседателот на Владата на Републи-



ка Македонија, Г- динот Никола Груевски, кој претходно им се обрати на присутните.

Свое обраќање имаа и градоначалникот Тони Трајковски и Министерот за Транспорт и врски, Миле Јанакиески.

На оваа свеченост присуствуваа пратеници, членови на Советот на општината, претседатели на урбани и месни заедници и граѓани.

До 15-ти јули во општина Гази Баба се поднесени 4000 барања, од кои 70 се завршени, 2100 се со геодетски елаборат и се во постапка за решавање. За останатите барања постапката е прекината и ќе продолжи кога целосно ќе се комплетира документацијата. Краен рок за доставување на документите е 3 септември 2011 година.





## Доделени Решенија за легализација во Јурумлери

Четиринаесет нови Решенија за легализација на дивоградбите подели градоначалникот Тони Трајковски, на жители од населеното место Јурумлери.







# Почеток на градежни работи на фекална канализација

Во населеното место Инџиково, градоначалникот Тони Трајковски, Градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски и министерот за животна средина и просторно планирање, Неџати Јакупи, го означија почетокот на градежните работи на примарната фекална канализација. Мрежата во должина од 4260 метри ќе поминува низ населените места Инџиково, Сингелиќ, Економија и дел од Стајковци.

За изградба на фекалната канализација градот Скопје издвои 15.000.000,00 денари, општина Гази Баба 10.000.000,00 денари и Министерството за животна средина и просторно планирање 10.000.000,00 денари.

Изведувачи се фирмите Адонис, Жикол и Техноградба.





ОБЈЕКТ ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА Н.М. СИНЃЕЛИЌ-СТАЈКОВЦИ, ЕКОНОМИЈА И ИНЏИКОВО

ИНВЕСТИТОР - Град Скопје
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Општина Гази Баба

ИЗВЕДУВАЧ Техноградба инжинеринг, Скопје
ДГТ ЖИКОЛ дооел, Струмица
Адонис ДООЕЛ - Скопје





# *Нов урбан парк во Железара*

Во населба Железара пуштен е во употреба урбан парк. На простор од 3500 м² направени се патеки од бехатон плочки, детски забавен парк со реквизити, поставена е урбана опрема, целосно е осветлен и хортикултурно уреден.

Инвестицијата во висина од 2.000.000,00 денари е обезбедена од буџетите на општина Гази Баба и градот Скопје.

На отварањето присуствуваа министерот за внатрешни работи, г-ѓа Гордана Јанкулоска, градоначалникот на град Скопје, г-дин Коце Трајановски, градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски и граѓани од н. Железара и општината.






# Нова водоводна мрежа во Керамидница



Во н. Керамидница во тек е изградбата на водоводна мрежа во должина од 1.300 м.

Изградбата на водоводот е инвестиција на ЈП Водовод и канализација во висина од 9.000.000,00 денари.

На присутните граѓани им се обратија Министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска, градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски, градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски и директорот на ЈП Водовод и канализација, Сашо Лазаревски.





# Пуштен кракот на Јужноморавски бригади

■ Во н. Ченто пуштен е за сообраќај реконструираниот и проширен крак на улицата Јужноморавски бригади, во должина од 760 метри, со две коловозни ленти и со широчина од по 3 метри. Коловозот е реконструиран и е покриен со нов асфалтен слој, а од двете страни на коловозот изведени се тротоари, покриени со бехатон плочки со широчина од по 2 метри.

На места каде што се појави потреба, се изградија потпорни ѕитчиња, чија вкупна должина изнесува 500 метри.

Проектот е заедничка инвестиција на Градот Скопје и на општина Гази Баба и изнесува 2.300.000,00 денари, од кои 75% е инвестиција на Градот Скопје а 25% на општина Гази Баба.

На пуштањето во сообраќај на кракот на улицата Јужноморавски бригади присуствуваа министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска, градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски и жители од населбата Ченто и од Општината.





## Пешачка и велосипедска патека на Јужноморавски бригади

■ На улица "Јужноморавски бригади" во населба Ченто, од С - Маркет до раскрсницата со улица "Срeќко Пужалка" во должина од 350 метри направени се велосипедска и пешачка патека. Велосипедската патека е со широчина од 1 метар, пешачката патека е со широчина од 2 метри, а помеѓу двете патеки ќе има зелен појас.





## Тротоари на Срeќко Пужалка

■ На улицата "Срeрќко Пужалка" во н. Ченто изграден е тротоар од павер елементи и пристапи до индивидуалните станбени објекти.

Од својот Буџет, општина Гази Баба за овие активности издвои сума од 800.000,00 денари.



## Проширување на улица во Автокоманда

■ На улицата која поминува пред Ветеринарен Институт направено е проширување и изграден е тротоар од бехатон плочки со потпорен зид.

Општината за овие активности издвои средства во висина од 400.000,00 денари.

# Пуштен во употреба патниот правец Брњарци - Стајковци





Патниот правец Брњарци - Стајковци, во должина од 1550 метри, официјално го пуштија во употреба Министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска, Градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски и директорката на Агенцијата за државни патишта, Наташа Валкановска.

Изградбата на овој патен правец е предвидена во Програмата за реконструкција и рехабилитација на локалните патишта во Република Македонија, а средствата во висина од 9.000.000,00 денари, се обезбедени од Агенцијата за државни патишта.



# Пуштен во употреба патниот правец Јане Сандански - Инџиково

■ Министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска, Градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски и директорката на Агенцијата за државни патишта, Наташа Валкановска официјално ги пуштија во употреба патните правци Јане Сандански - Инџиково.

Реконструкцијата на патните правци е предвидена во Програмата за реконструкција и рехабилитација на локалните патишта во Република Македонија, а средствата во висина од 8.500.000,00 денари, се обезбедени од Агенцијата за државни патишта.

Вкупната должина на патните правци Јане Сандански - Инџиково изнесува 1200 метри.



## Пешачка патека и паркинг на Јани Лукровски

■ На улицата "Јани Лукровски" во н. Автокоманда, покрај спортската сала, во должина од 80 м и широчина од 6,5 м, направена е пешачка патека со места за одмор и паркинг простор од павер елементи. Инвестицијата за овие активности изнесува 700.000,00 денари, издвоени од буџетот на општината.

## Патеки во Автокоманда

■ На улицата "Лазар Поп Трајков" во населба Автокоманда помеѓу зградите, направени се пешачки патеки во должина од 150 метри, а широчината изнесува од 1,20 м до 2 м.



На истата улица на две места направени се и два еколошки острови, со димензии 4 х 2 метри.




## Ново спортско игралиште во Јурумлери

Во н. м. Јурумлери се отпочнаа активности за изградба на спортски центар, во чии рамки ќе биде изградено игралиште за мал фудбал, предвидено во Програмата на Агенцијата



за спорт и млади.

Спортското игралиште ќе биде асфалтирано, оградено и осветлено, а инвестицијата изнесува 4.000.000,00 денари.

Почетокот на работите околу изградбата на новото спортско игралиште го означија Министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска, Директорот на Агенцијата за спорт и млади Диме Спасов и градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски.



# Предаден во употреба стадионот во Трубарево



Претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски, го пушти во употреба стадионот во населеното место Трубарево.

Стадионот со пропратниот објект - соблекувални, е проект и инвестиција од 12.000.000,00 денари на Агенцијата за спорт и млади, а инвестиција од 3.500.000,00 денари за уредување на пристапните патеки со павер елементи до стадионот, уредување на паркинг простор, инфраструктурни приклучоци и бунарот за наводнување е на општина Гази Баба. Пред присутните граѓани, ученици, претставници од Собранието на Република Македонија, претставници од Владата на Република Македонија, претставници од Градот Скопје, спортски работници и други, се обратија: директорот на



Агенцијата за спорт и млади, Диме Спасов, градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски и претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски.

## *Пуштено во употреба спортско игралиште во Стајковци*

Во населеното место Стајковци беше пуштено во употреба повеќенаменско спортско игралиште (за фудбал, кошарка, ракомет), кое беше изградено со заеднички средства на Владата на РМ, Градот Скопје и општина Гази Баба.

Во присуство на голем број жители од н.м. Стајковци, спортското игралиште го пуштија во употреба Министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска, градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски.

Во рамките на спортскиот центар, во следниот период ќе се изгради детско забавно катче со реквизити и места уредени за одмор.





# Асфалтиран паркинг кај пазарчето Ченто






■ Во населба Ченто кај пазарчето, асфалтиран е паркинг простор со површина од 800 м². Општина Гази Баба за оваа активност од Буџетот издвои средства во висина од 720.000,00 денари.





## Тротоар на патот Р 103

■ Направен е тротоар на Регионалниот пат Р103, кај населеното место Гоце Делчев, помеѓу двата надвозника. Тротоарот е од бехатон плочки, во должина од 450 метри.

Општината за неговата изградба издвои финансиски средства во висина од 950.000,00 денари.

# *Нов паркинг во Триангла*

■ Во н. Триангла, помеѓу улиците "Анри Барбис" и "Карл Либкнехт" се направи нов паркинг простор. Паркингот е со површина од 600 м², направен е со бехатон плочки и за неговата изградба општина Гази Баба од својот Буџет издвои средства во висина од 700.000,00 денари. Ова е трет паркинг простор кој се изгради во оваа населба, од кои двата беа направени минатата година.







## Асфалтиран паркингот во ОУ Крсте Мисирков

■ Во кругот на основното училиште "Крсте Мисирков" во н. Ченто, општина Гази Баба го асфалтираше постојниот паркинг простор со површина од 600 м².

За оваа активност општината издвои финансиски средства во висина од 500.000,00 денари.



## Бележење на тротоари

■ На регионалниот пат Р 103, во населеното место Трубарево, општина Гази Баба заедно со ЈКП "Гази Баба", заради поголема



прегледност, ги обележуваше ивичниците на тротоарите. Оваа активност ќе продолжи и во населеното место Гоце Делчев.

## Акција за расчистување на диви депонии

■ Општина Гази Баба и ЈП Комунална хигиена во изминатиот период ги расчистуваа дивите депонии во руралниот дел на општината.

За време на акцијата во која беа опфатени сите населени места, беше подигнат околу 1700 м3 отпад (шут, гранки, земја и комунален отпад од домаќинствата).

На терен беше ангажирана механизација: утоварувач и два камиони кипери.

Комуналната инспекција апелира до граѓаните да не прават диви депонии, бидејќи секој дом има добиено бесплатна канта за отпадоци и ЈП Комунална хигиена во одредените денови го подига отпадот.

Комуналната инспекција е постојано на терен и несовесните граѓани ќе бидат соодветно санкционирани.




■ Завршена е реконструкцијата на кружниот тек помеѓу улица Финска и н.м. Инџиково.

## Реконструкција на влезот во н.м. Инџиково



## Бесплатни канти за отпадоци

■ Жителите на општина Гази Баба ги добија бесплатните канти за отпадоци, кои се донација од Владата на Република Македонија во соработка со Градот Скопје и ЈП Комунална хигиена.

Општина Гази Баба за своите граѓани доби околу 11000 канти, од кои околу 8000 за жителите во руралниот дел и околу 3000 за жителите во градското подрачје.



## *Проширен патот во Виниче*

■ Општината го прошири патот од н.м. Црешево до крајот на н.м. Виниче.

Патот е проширен од двете страни, во должина од 2 км.

## *Проширување на патот во н.м. Црешево*

■ Во н.м. Црешево, во должина од 450 м општина Гази Баба направи проширување на патот со поставување на ивичници.

Вредноста на работите изнесува 1,5 милиони денари.











# Проект "Цвеќето и зеленилото во нашата општина"

Во месеците мај и јуни, имплементиран е Проектот "Цвеќето и зеленилото во нашата општина", кој општина Гази Баба го реализираше во соработка со организација на жени Гази Баба. За време на овој период членките на организација на жени и вработени во општината имаа неколку заеднички активности на засадување цвеќе и тоа во Паркот Ченто, долж булеварот Александар Македонски и во Паркот "Борис Трајковски", каде им се приклучија и членовите на инвалидските пензионери од Гази Баба.

Во рамките на овој проект, беше објавен и конкурс за избор на наубаво уредени дворови, балкони, блоковско зеленило и зеленило пред деловен објект, кој траеше еден месец.







На конкурсот се пријавија триесетина граѓани кои присуствуваа на завршната промоција и доделување на наградите, а нив ги добија:

- Наубаво уреден двор - семејство Петровски, н.м. Јурумлери
- Најубаво уреден балкон - семејтво Петрушевски, н.м.Црешево
- Најубаво уредено блоковско зеленило - куќен совет на ул. "Благоја Стефковски" 99, н. Хиподром
- Најубаво уредено зеленило пред деловен или јавен објект - "Кентаур импекс" н. Керамидница





## Амбасадорот на Република Србија во Посета на Гази Баба

Градоначалникот Тони Трајковски имаше работна средба со Амбасадорот на Република Србија во Република Македонија Г-дин Томислав Ѓуриќ и заменик амбасадорот на Република Србија Г-ѓа Душанка Дивјак Томиќ.

На средбата се разговараше за интензивирање на соработката помеѓу општина Гази Баба и збратимените општини од Република Србија, Јагодина и Вождовац.

Исто така, се разговараше и за изнаоѓање можности за инвестиции на ниво на општините и на регионот.





## Градоначалникот на Вошарани во посета на Гази Баба

Градоначалникот Тони Трајковски имаше работна средба со градоначалникот на општина Вошарани (Овчарани) и директорот на културно уметничкото друштво од истата општина.

На средбата се разговараше за заедничката соработка помеѓу овие две општини и за можни заеднички апликации во европските фондови.

# Ново детско игралиште во објектот Искра



■ Градоначалникот на Општина Гази Баба Тони Трајковски, Претставници од СОС Детско село, Претставник од Невладина Хуманитарна Организација "ЛинкАкрос" Џонатан Мангелс и претставници од градинката "25 Мај" го пуштија во употреба детското забавно игралиште од затворен тип, кое се наоѓа во објектот Искра во склоп на Градинката 25 Мај.

За реализацијата на овој проект, инициран од LinkAkros како донатор на реквизитите, Општината ја обезбеди и ја реновираше просторијата, се со цел создавање на пријатно место за дружење каде ќе се овозможи развој на детската креативност, физички активности и забава.

Овој простор најповеќе ќе го користат децата кои престојуваат во објектот Искра, како и децата од СОС Детското село.



## Активност "домашни и шумски животни"

■ Во објектот "Цвет" во Петровец во рамките на Јавната Установа за деца Детска градинка "25 Мај " се одржа активност на која децата учеа за домашни и шумски животни.

Со оваа активност децата кои престојуваат во објектот имаат можност да ги совладаат и прошират своите знаења.



## Сообраќајната култура на децата во предучилишните установи

■ Општина Гази Баба во соработка со СВР, во предучилишните установи го реализира проектот сообраќајна култура.

Целта на проектот е децата кои престојуваат во објектите на детските градинки да ги препознаваат сообраќајните знаци, почитување на сообраќајните правила, безбедносно движење и преминување преку улица.

# Велосипедски трки по повод денот на планетата земја



■ По повод одбележување на "Денот на планетата Земја" 22 април, во објектот " Калинка" при Градинката " Детска Радост " во н. Железара се одржаа велосипедски трки.

Покрај децата од сите групи кои дојдоа со своите велосипеди, ролерки и тротинети, велосипеди возеа и Градоначалникот на Општина Гази Баба Тони Трајковски, Амбасадорката на Холандија Н.Е. Симоне Филипини, Директорот на "Собим"- фабрика за производство на велосипеди и родители.

Целта на активноста е подигање на свеста кај децата уште од најраната возраст да го сакаат спортот и да спортуваат, а со тоа и да влијаат кај возрасните за што е можно помалку да ги користат моторните возила.





# Заедничкиот проект на општина Гази Баба и Црвен крст



■ Општина Гази Баба во соработка со Црвен Крст - Гази Баба го реализира проектот "Младоста и искуството моќта на хуманоста", кој има за цел обезбедување на услуги во домовите на старите и изнемоштени лица на кои им е потребна континуирана психо - социјална и медицинска нега и кои не се во можност да се грижат за самите себе и сами да ги задоволат своите животни потреби.

Сервисот на услуги се состои од: општи здравствени прегледи (мерење на шеќер, крвен притисок), психосоцијална помош и набавка на потребни лекарства и прехрамбени продукти од страна на волонтерите од Општинската Организација на Црвен Крст, како и поправка на домашни апарати, разговор со семејствата и слично.

Периодот на реализација ќе биде цела 2011 година, со што ќе се зголеми довербата и взаемното почитување помеѓу старите и младите лица и нивна подобра интеграција во општествениот живот.

Овој проект е во согласност со Националната Стратегија за стари лица 2010-2020 на Министерството за труд и социјална политика, каде се идентификуваат приоритетните области и задачи на делување, со цел подобрување на квалитетот и квантитетот на живеење на старите лица.

## *Отворен Советодавен центар за родители и деца во Гази Баба*

■ Во општина Гази Баба започна со функционирање Советодавен центар за родители и деца, кој е подржан од Министерството за труд и социјална политика и Општина Гази Баба, а се наоѓа на улица Палмиро Тољати 6б, во нас. Ченто.

Советодавниот центар за родители и деца во Гази Баба функционира во рамките на програмските активности на Националното здружение СОС Детско село Македонија, кое оваа година ја прославува десетгодишнината од своето постоење, давајќи активен придонес за развојот на социјалната заштита и превенција во РМ.

На свеченото отварање присутните ги поздрави градоначалникот Тони Трајковски, кој говореше за потребата од отварање на ваков центар во општината и соработката со Министерството за труд и соци-



јална и СОС Детското Село.

На присутните им се обратија и Државниот секретар во Министерството за труд и социјална политика, Марјанчо Тодоровски, директорот на Меѓуопштинскиот ценатар за социјални работи, Крсте Мaљановски и националниот директор на СОС Детско село, Јулијана Гапо.

Градоначалникот и државниот секретар со сечење на лента, свечено го пуштија во употреба Советодавниот центар Гази Баба.





## Прва помош во градинките



■ Општина Гази Баба во соработка со Црвениот крст Гази Баба, го реализираше проектот за прва помош во предучилишните установи на територија на Општината.

Целта е децата кои престојуваат во поголемите групи во градинките да ги стекнат потребните знаења за првата помош, да се запознаат со значењето на Црвениот крст и неговите активности.



## Пуштена новата ролерско - велосипедска патека по кејот на Вардар

Градоначалникот на општина Гази Баба,Тони Трајковски и градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски, ја пуштија во



употреба новата ролерско - велосипедска патека по кејот на реката Вардар, која се наоѓа од левата страна, од фабриката "Комуна" до мостот "Близнак".

Оваа патека е во должина од 2338 метри, а е со широчина од 4 метри. Патеката е асфалтирана, оз-



начена е хоризонталната сигнализација и поставени се сообраќајни знаци.

Инвеститор на работите е градот Скопје, со вложени финансиски средства во висина од 7.000.000,00 денари.





# Ликовна манифестација Виниче

Во манстирскиот комплекс "Св. Илија" во селото Виниче по шестти пат се одржа традиционалната ликовна манифестација "Виниче". На манифестацијата учетвуваа ученици од сите основни училишта од општина Гази Баба, членови на ликовните секции.

Манифестацијата беше збогатена со културно-забавна програма, на која настапија ученици од ОУ "Наум Охридски".

Учесниците во Манифестацијата ги поздрави Градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски.











# Награди за најдобрите ликовни творби од "Viniче 2011"

■ Градоначалникот Тони Трајковски ги подели наградите на осумте ученици, кои на ликовната манифестација "Виниче 2011" изработија најдобри ликовни творби.











Награди добија:
* Кристина Пешева ОУ Крсте Мисирков
* Петар Петрушев ОУ Крсте Мисирков
* Кристина Петреска ОУ Григор Прличев
* Сања Манолева ОУ Наум Охридски
* Ангела Стојковска ОУ Стив Наумов
* Ивана Самандова ОУ Стив Наумов
* Анастасија Иванова ОУ Стив Наумов
* Самир Пепиќ ОУ Братство Единство, с. Коњари

## Учиме за општината

■ Во основните училишта во четврто одделение, по предметот запознавање на општеството се учи за локалната самоуправа.

За да можат учениците поблиску да се запознаат со службите во општината и нејзиното функционирање, во нејзина посета беа ученици од основните училишта.



Учениците видоа каде работи општинската администрација поделена по сектори и одделенија, разговараа со вработените кои ги запознаваа со работните обврски кои ги имаат, го посетија кабине-



тот на градоначалникот и сите беа примени во салата на советот, каде што градоначалникот и општинската администрација одговараа на многуте поставени прашања од учениците.








# ОУ "Вера Јоциќ" доби плакета од Интел

По објавениот конкурс на ИНТЕЛ за користење на Информациски и комуникациски технологии во наставата, одделенските наставници од ОУ "Вера Јоциќ" изработија по еден наставен час, кој одговараше на критериумите од конкурсот и ги испратија во определениот рок.

Во Хотел "Холидеј Ин" наставниците присуствуваа на свечена седница, организирана од Intel Corporation. Свечената седница ја отвори Иво Ивановски, Министер за информатичко општество и администрација на Република Македонија, а потоа им се обрати г-динот Андреја Јауковиќ, претставник на Intel Corporation, кој им ги додели наградите на најуспешните осум училишта во Република Македонија, од вкупно пријавено 200 училишта.

Наставниците од нашето училиште добија сертификати, а на училиштето "Вера Јоциќ" му беше доделена плакета Tehnology Adoption Initiative за Скопскиот регион и еден проектор.










# Натпревар по прва помош

Општинската организација на Црвениот крст Гази Баба, под покровителство на општина Гази Баба организираа натпревар по прва помош. Натпреварот се одржа во Паркот Ченто, на кој учество земаа 7 основни, 4 средни училишта од подрачјето на општината и екипа составена од децата од СОС Детско село.

Присутните ги поздрави градоначалникот Тони Трајковски.

Прво место во категоријата младина освои СУГС "Панче Арсовски" - Скопје, второ место АСУЦ Боро Петрушевски и трето место СЕТУ Михајло Пупин, а во категоријата подмладок ОУ Григор Прличев, второ место ОУ крсте Мисирков и трето место ОУ Дане Крапчев.

На првите три пласирани екипи им беа поделени дипломи за освоени места и пехари, а за другите учесници дипломи за учество.



■ Основното училиште "Дане Крапчев" стана член на семејството на Армаловите училишта, со изборот на конкурсот за Армаловиот фонд 2010/2011 во организација на Мариборска ливарна, Република Словенија од каде што доби донација на Армалови арматури, како еколошко свесно училиште. Донацијата се состои од чешми кои ќе се инсталираат во училиштето, со што сакаат да ги мотивираат учениците за одговорно постапување спрема чистата вода за пиење.

По повод заокружувањето на овој Проект за зачувување на благодетите кои ни ги дала природата, поточно за водата, во основното училиште "Дане Крапчев" се одржа куса културно уметничка програма.

# Донација за ОУ "Дане Крапчев" од Армаловиот фонд





Гостите од Република Словенија и сите присутни ги поздрави градоначалникот Тони Трајковски.

На свеченото потпишување на Договорите со Армаловиот фонд учествуваа и основното училиште "Ѓорче Петров" од општина Ѓорче Петров и основното училиште "Димитар Миладинов" од општина Центар, кои исто така добија донација.









# Доделување на сертификати

Градоначалникот Тони Трајковски додели сертификати за завршен почетен курс по англиски јазик и потврди за завршен почетен курс по ИКТ.

Почетните курсеви по англиски јазик и информатика се одржуваа во периодот од април до јуни 2011 година, а го посетуваа 120 жители од Општината.



### Што се може да се легализира?

Најпрво треба да знаете дали вашата градба влегува во групата дивоградби за кои е дозволена легализација со Законот. Во него јасно стои дека под бесправно изградени објекти во смисла на овој закон се подразбираат објекти од значење за Републиката во согласност со Законот за градење и друг закон, како и објекти од локално значење во согласност со Законот за градење, кои се изградени без одобрение за градење или спротивно на одобрението за градење, како и нивни делови, во плански опфат и надвор од него. Тука спаѓаат куќите за индивидуално живеење, зградите за колективно живеење, нивните надградби и доградби, како и магацините, работилниците и другиот вид објекти што се опфатени со Законот за градба.

### Потребни документи

Легализацијата почнува со поднесување барање со други документи на шалтер во општина Гази Баба, ако дивоградбата е изградена на територијата на општина Гази Баба. Рокот за поднесување на барањето за утврдување правен статус изнесува шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон. Овој рок мора да го испочитувате до колку сакате дивоградбата да ја легализирате според новиот закон.

Барањето е едноставно за пополнување. Тоа содржи основни податоци за сопственикот на дивоградбата и за самиот објект и неговата локација.

Со барањето се доставуваат и следниве документи:

- уверение за државјанство или копија од лична карта за домашно физичко лице, од носно дозвола за постојан престој за странско физичко лице, а за домашно и странско правно лице, извод од Централен регистар на Република Македонија, односно од соодветната институција во државата во која странско то правно лице има седиште;
- доказ за приклучок на комунална инфраструктура и/или сметки за јавни услуги (струја, вода итн.) а до колку бесправниот објект нема инфраструктурни приклучоци;
- геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправен објект со имотен лист.

Доколку бесправниот објект нема инфраструктурни приклучоци, ќе треба да поднесете изјава заверена на нотар, со која барателот ќе потврди дека дивоградбата е изградена пред стапувањето во сила на овој закон.

### Што ако го испуштите рокот?

Доколку го испуштите рокот за аплицирање за легализирање на вашата диво градба, ризикувате по истекот на законот таа да се третира според Законот за градење, каде што како крај на мерка е предвидено рушење на дивоградбите. Сите овие објекти треба да се изградени без одобрение за градење или спротивно на одобрението за градење. Битно е да се знае дека до денот на влегување во сила објектот и неговите нелегални делови мора да претставуваат градежна и функционална целина.

### Земјиштето и објектот

- До колку бесправниот објект е изграден на земјиште што не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго лице, барателот по крај претходно наброените документи е должен да до стави и договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот на земјиштето.
- До колку бесправниот објект е изграден на земјиште пренесено од поранешен сопственик врз основа на договор за купопродажба, на кое како корисник е евидентиран поранешниот сопственик, а барателот го користи земјиштето повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот, барателот е должен покрај претходно наброените документи да достави и договор за купопродажба на земјиштето и изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност, со која барателот ќе потврди дека барателот или лице то чиј наследник е барателот го имаат купено земјиштето од поранешниот сопственик.
- Доколку бесправниот објект е изграден на земјиште со незапишани права, надлежниот орган по службена должност доставува барање до Агенцијата за катастар на недвижности за спроведување соодветна постапка за запишување на правата врз предметното земјиште во согласност со Законот за катастар на недвижности, постапка што Агенцијата за катастар на недвижности ја спроведу ва по службена должност.
- До колку е поднесено барање за утврдување правен статус на бесправен објект што е изграден на земјиште со нерасчистени имотни односи поради тоа што не е спроведена оставинска постапка, барателот е должен покрај другите документи да достави и известување од нотарот-повереник на оставинскиот суд дека се води оставинска постапка за предметното земјиште.
- Доколку е поднесено барање за утврдување правен статус за станбени згра ди за колективно домување, потребно е барањето да е поднесено од заедница та на станари или да е потпишано од повеќе од половината иматели на стан во зградата, при што, покрај претходно наброените документи за легализација, ќе треба да се достави и список на станари, договори за купопродажба на станови те во зградата, како и уверение за државјанство или копија од лична карта од сите иматели на стан во зградата.

### Случаи кога постапката за легализација ќе се прекине

- Доколку со барањето за утврдување правен статус на бесправен објект не е доставен некој од наведените докази или земјиштето на кое е изграден бес правниот објект е со незапишани права, надлежниот орган во рок од 10 работни дена од приемот на барањето донесува заклучок за прекин на постапката и доставува известување до барателот за дополнување на барањето, односно до ставува барање до Агенцијата за катастар на недвижности за спроведување соодветна постапка за запишување на правата врз предметното земјиште во согласност со Законот за катастар на недвижности, постапка што Агенцијата за катастар на недвижности ја спроведува по службена должност.
- Доколку со барањето за утврдување правен статус е доставено и известување од нотарот повереник на оставинскиот суд дека се води оставин ска постапка за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект, надлежниот орган во рок од 10 работни дена од приемот на барањето донесува заклучок за прекин на постапката.
- Во случај на поднесени повеќе спротивставени барања за утврдување правен статус на еден бесправен објект, од страна на повеќе баратели, надлежниот орган во рок од 10 работни дена од приемот на барањето донесува заклучок за прекин на постапката, а ги упатува барателите на парнична постапка пред надлежен суд.

## ВОДИЧ ЗА ЛЕГАЛИЗ

### Кој се може да биде подносител на барање за легализација

Подносител на ова барање може да биде:

- физичко лице-државјанин на Република Македонија,
- правно лице регистрира ново Централниот регистар на Република Македонија и
- институции што имаат бесправни објекти. Странски правни и физички лица можат да бидат баратели до колку ги исполнуваат условите за стекнување пра во на сопственост утврдени со Законот за сопственост и други стварни права.

### Увид на самото место

По приемот на барањето, комисија излегува на терен и ја утврдува фактичката состојба на самото место. Составува записник за извршениот увид на самото место со технички податоци за бесправниот објект и прави фотографии од него. По прегледот на оваа комисија не смеете да вршите интервенција на дивоградбата во насока на нејзино доградување или преадаптација. Фактичката состојба ќе се види и од елаборатот што ќе го изработи приватна фирма што ќе ја ангажирате по ваш избор.

### Урбанистичка согласност

По прием на сите документи и добивање на информациите од терен, општината е обврзана во рок од шест месеци од приемот на барањето да утврди дали се исполнети условите за вклопување на дивоградбата во урбанистичко-планската документација, по што издава урбанистичка согласност или, ако не се вклопува, донесува решение со кое се одбива барањето за утврдување правен статус.

Урбанистичка согласност за бесправни објекти

од значење за државата и објекти од локално значење, освен електронски комуникациски мрежи, средства и линиски инфраструктурни објекти, се издава доколку се исполнети следните услови:

- барањето за утврдување правен статус е поднесено во предвидениот рок;
- подготвен е записник за извршен увид на самото место;
- бесправниот објект е изграден пред влегувањето во сила на овој закон и тој претставува градежна и функционална целина;
- бесправниот објект е изграден на земјиште на кое барателот има право на сопственост или право на користење или на земјиште сопственост на Република Македонија или на земјиште за кое барателот има склучено договор за долготраен закуп со сопственикот на земјиштето или на земјиште пренесено од поранешен сопственик врз основана договор за купопродажба на кое како корисник е евидентиран поранешниот сопственик;
- бесправниот објект ги исполнува стандардите за геомеханика до колку се наоѓа во потенцијално нестабилна зона;
- има согласност од надлежен орган, доколку бесправниот објект се наоѓа во по драчјата и зоните каде што е забранета градба или затоа треба посебна дозвола;
- бесправниот објект може да се вклопи во урбанистичко-планската документа ција во согласност со стандардите.

### Исполнување стандарди

Во Законот се предвидуваат и стандарди што мора да ги задоволи објектот што е дивоградба за да биде легализиран. Станбените куќи што се за живеење мора да бидат изградени во согласност со стандардите за статика. На објекти градени со слаб материјал и оние што се ризични по својата статика нема да им се дозволи легализација. Дел од овие податоци ќе установи комисијата, а дел ќе се добијат од елаборатот и проектот за статика што претходно сте ги поднеле со документите за легализација.

### Решение за утврдување правен статус

Со решението за утврдување правен статус, т.е. решение за легализација на дивоградбата, се потврдува дека таа ги ис полнува условите за вклопување во урбанистичко-планската документација и за пишување во јавните книги за запишување на правата на недвижности. Значи, отсега вашата дивоградба е евидентирана и постои како легална градба.

### Откуп на земјиште во сопственост на Република Македонија на кое е изграден бесправен објект

Оние што имаат бесправни објекти кои се изградени на земјиште, сопственост на Република Македонија, како и на земјиште на кое барателот има право на користење, се должни во рок од шест месеци од денот на донесувањето на урбанистичко-планската документација со која е вклопен бесправниот објект да поднесат барање за откуп на градежното земјиште, сопственост на Република Македонија, до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

### За куќите 61 денар по квадратен метар на 12 рати

По издавањето урбанистичка согласност, општината во рок од пет работни дена треба да подготви пресметка за плаќање надоместок, кој ќе се плати за легализација на објектот, и да му ја доставува на барателот.

- Висината на надоместокот за утврдување правен статус за објектите со намена домување во станбени куќи изнесува 61 денар по квадратен метар од изградената површина на бесправниот објект, која е утврдена со геодетскиот елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправен објект.
- Висината на надоместокот за утврдување правен статус на бесправните објекти од локално значење, освен за индивидуалните куќи, ќе биде еднаква на висината на надоместокот за уредување градежно земјиште што се пресметува во постапката за добивање одобрение за градење за објекти од локално значење, која е утврдена од единиците на локалната самоуправа до денот на стапување во сила на овој закон, при што во предвид се зема изградената површина на бесправниот објект, утврдена со геодетскиот елаборат за утврдување фактичка состојба на бесправен објект. Ова значи дека сите тие, освен куќите за индивидуално живеење, ќе треба да платат за легализација износ што би бил ист со износот за комуналии што треба да го платат до колку сега ја градат градбата. Тука влегуваат зградите, висококатни ците за колективно живеење, како и другите објекти предвидени со овој закон.

За објектите од значење за државата, Законот за градење и друг закон не се пресметува и не се плаќа надоместок за утврдување правен статус на бесправен објект. Тие ќе се легализираат бесплатно т.е. државата ќе ги легализира државните објекти без надоместок.

Надоместокот може да го платите во рок од 10 работни дена од денот на приемот на пресметката или одложено на дванаесет месечни рати. До колку на доместокот се плаќа одложено, барателот е должен со општината да склучи договор за одложено плаќање.

### Кои објекти нема да се легализираат или за кои треба посебни дозволи

Нема да се дозволи легализација или ќе се дозволи до колку е можно, но со по себни дозволи од надлежните органи, на дивоградби што се наоѓаат во:

- национален парк, парк-шума, природен парк, споменик на природата,
- во заштитени или евидентира ни простори на строги и специјални резервати и заштитни предели (пејзажи),
- во за штитни зони на крајбрежјата на природните и вештачките езера и речни те корита, како и во прва и во втора зона на санитарно заштитени извори на вода за пиење,
- во подрачје на археолошки локалитети, на место во кое се врши или е плани рана експлоатација на минерални суровини,
- во заштитни зони на аеродроми,
- во зони на гранични премини во радиус од 100 метри од граничната линија,
- во подрачје на кое со урбанистичките планови е предвидена изградба на инфраструктурни објекти и водови, како и други објекти од јавен интерес утврдени со закон.

### Жалбена постапка

Против решението на градоначалникот за утврдување правен статус на беспра вен објект и за одбивање на барањето за утврдување правен статус на бесправен објект, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Против решението на министерот за утврдување правен статус на бесправен објект и за одбивање на барањето за утврдување правен статус на бесправен објект, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на транспортот, врските и животната средина при Владата на Република Македонија.

Оние кои имаат бесправните објекти кои се изградени на земјиште сопственост на Република Македонија, како и на земјиште на кое барателот има право на користење, се должни во рок од шест месеци од денот на донесувањето на урбанистичко планската документација со која е вклопен бесправниот објект, да поднесат барање за откуп на градежното земјиште сопственост на Република Македонија, до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

### Отстранување бесправни објекти

Бесправните објекти што нема да ги исполнат условите за издавање урбанистичка согласност, односно за кои ќе се донесе решение за одбивање на барањето за утврдување правен статус, ќе се отстранат во согласност со одредбите на Законот за градење. Во краен случај ова би можело да значи и рушење на дивоградбата. Доколку се утврди дека по поднесувањето барање за утврдување правен статус се извршени доградби и надградби на бесправен објект за кој е поднесено барањето, ќе се донесе решение за одбивање на барањето за утврдување правен статус, без оглед дали бесправниот објект ги исполнува условите за утврдување правен статус на бесправен објект.

### Важност на законот

Законот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе важи шест години од денот на влегувањето во сила.

ИРАЊЕ ДИВОГРАДБИ


Претседател на Совет
Милан АНДОНОВСКИ
ВМРО-ДПМНЕ


Ацо Петрушев
ВМРО-ДПМНЕ


Кираца Тутевска
ВМРО-ДПМНЕ


Бобан Стефковски
ВМРО-ДПМНЕ


Александар Каровски
ВМРО-ДПМНЕ


Аница Пупиноска
СПМ


Зоран Костовски
ВМРО-ДПМНЕ


Јорданчо Тодосиев
ДС


Суза Николовска
ВМРО-ДПМНЕ

# СОВ
## ВО СОВЕТОТ


Дејан Тимовски
ВМРО-ДПМНЕ


Марјан Крстевски
ВМРО-ДПМНЕ


Јадранка Антевска
ВМРО-ДПМНЕ


Кирил Псалтиров
ВМРО-ДПМНЕ


Николај Чифутов
ВМРО-ДПМНЕ


Ѓулсефа Куртеши
СРМ

# Одлука за плаќање

Општина Гази Баба продолжува да помага на индивидуалните физички лица - водокорисници, со тоа што на седницата на Советот на Општината одржана на 30.06.2011 година, донесе Одлука за превземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници (сопственици / корисници на индивидуални станбени објекти и земјоделско земјиште) на подрачјето на општината.

На подрачјето на Општина Гази Баба под системот за одводнување "Скопско Поле" се опфатени вкупно 2175 ха, од кои 1371 ха поседуваат индивидуалните физички лица - водокорисници. Надоместот по хектар изнесува 2400 денари, што значи вкупниот надомест, кој општината треба да го исплати на Водостопанство Скопско Поле - Скопје, изнесува 3.290.400,00 денари.

Превземената обврска за плаќање, се однесува за 2011 година. Надоместокот ќе биде искористен за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општина Гази Баба, од страна на Водостопанство Скопско Поле - Скопје, со цел спречување на евентуални поплави на замјоделското земјиште и други површини на подрачјето на општината.




Борис Георгиевски
СДСМ


Катерина Силјановска
СДСМ


Зоран Каранџуловски
СДСМ


Марјан Јаневски
СДСМ


Соња Глинчарска
СДСМ


Бобан Добревски
СДСМ

# етници
## НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА


Зоран Јовевски
ВМРО-НП


Соња Каранџуловска
ВМРО-НП


Сашо Начовски
ВМРО-НП


Бурхан Садики
Нова Демократија


Мифтар Кадри
ДУИ


Горан Стојменовиќ
ВМРО-НП и ТМОРО-ВЕП







# на воден надомест за 2011



## Одбележан Денот на победата 9-ти мај

■ По повод 9 - ти мај Денот на победата над фашизмот, пред споменикот на Методија Андонов Ченто во н. Ченто, се положи свежо цвеќе.



Свежо цвеќе положија: делегација од општина Гази Баба, предводена од градоначалникот Тони Трајковски, делегација од советот на општината, предводена од претседателот Милан Андоновски, делегација од Сбранието на Република Македонија, делегации од урбани и месни заедници, претставници на политички партии, невладини организации и граѓани.





# Манифестација Големата Мајка

■ На Археолошкиот локалитет Тумба Маџари, во организација на општина Гази Баба, се одржа културната манифестација Големата Мајка.

Во рамките на Манифестацијата беше промовирана книгата збирка песни "Големата Мајка", подготвена од поетот Ефтим Клетников, каде



се собрани песни од педесетина македонски поети и поетеси кои ја опеале Големата Мајка, женскиот принцип кој ги обединува животот, топлината, нежноста, плодноста и хармонијата на постоењето.

Манифестацијата ја отвори Градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, а





присутните ги поздрави градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски.

Артистите Соња Каранџулоска и Кирил Псалтиров прочитаа дел од песните од книгата Големата Мајка, а во музичкиот дел настапи Драган Даутовски на своите музички инструменти.














# Трибина на тема Семејно насилство

■ Во просториите на Основното училиште "Кирил и Методиј" н.м. Стајковци, се одржа јавна трибна на тема: "Семејно насилство", активност во рамки на проектот "Молчењето е еднакво на одобрување - нема добра причина за насилство!"

Целта на овој проект, поддржан од Општината Гази Баба, е да се зголеми информираноста на граѓаните во општината за проблемот на семејното насилство, олеснување на пристапот до информациите и заштитата и сместувањето на жртвите или потенцијалните жртви на насилство, како и зајакнување на соработката помеѓу граѓанските организации и институциите на системот и локалната самоуправа.

Покрај оддржувањето на јавните трибини, во рамки на овој проект изготвен е и едукативен материјал, исто така со содржини од информативен карактер по однос на семејното насилство. Со реализацијата на овој проект покрај зголемување на информираноста на граѓаните од Општина Гази Баба за препознавањето на овој проблем и механизмите за заштита, Општината Гази Баба и Кризен Центар "Надеж" ја продлабочуваат соработката во насока на градење интегриран пристап при спречувањето на семејното насилство и заштитата на жртвите.







# Прием на крводарителите од Гази Баба

По повод 17-ти март Ден на Црвениот крст на Република Македонија и Ден на крводарителите, Градоначалникот Тони Трајковски во соработка со Црвениот крст на Гази Баба организираше прием за крводарителите од територијата на општина Гази Баба на кој им го честиташе Денот и им се заблагодари за нивната хуманост, за нивната дарувана крв, која многу пати досега спасила нечиј живот.

На приемот беа поделени благодарници на крводарителите кои дарувале 25 пати крв, а благодарници и плакети добија крводарителите кои дарувале 50, 75 и повеќе пати крв.

Благодарница за најдобра работна организација во организирање на крводарителски акции доби ЈСП Скопје, за најдобра Високо - образовна институција благодарница доби Факултетот за безбедност, за најдобро Средно училиште благодарница доби "Михајло Пупин", како и за најдобар организатор (мотиватор) за 2010 година благодарница доби Леон Бакрачевски од ФОН.

## Жената и семејството во заштита на животната средина

■ Општина Гази Баба во соработка со здружението на граѓани Еколошка канцеларија на Гази Баба започнаа со имплементација на проектот "Жената и семејството во заштита на животната средина". Во рамките на проектот се одржуваат едукативни трибини на кои посетителите имаат можност да чујат како најдобро се користат и штедат природните ресурси со што ќе се заштити природата а воедно и ќе се намалат сметките. Целната група се жените како важни членови на едно домаќинство, но и младите на кои останува иднината.

Исто така, испечатени се и информативни материјали кои се поделени на трибините, како и налепници со пораки за заштеда на енергија и вода.

## Проект за доброволно предавање и легализација на нелегалното оружје

■ Општина Гази Баба во соработка со Министерството за внатрешни работи на Република Македонија ја реализираше кампањата за доброволно предавање и легализација на нелегалното оружје.

Кампањата опфаќа запознавање на процедурите и начинот на доброволното предавање на оружјето и начинот на легализација на оружјето, согласно одредбите од законот за оружјето.

На презентацијата беа присутни претставници од Министерството за внатрешни работи, од ОБСЕ, СВР Скопје, Полициска станица Гази Баба и членовите на Локалниот совет за превенција, а пред присутните свое обраќање имаше и Градоначалникот Тони Трајковски.

## Кариерно катче во ОУ Стив Наумов



■ Во ОУ "Стив Наумов" свечено беше пуштено во употреба кариерно катче.

Ова е проект на УСАИД за основно образование



(ПЕП) и има за цел да се збогати кариерното образование со информации и материјали за наставниците и учениците.

Овој проект ќе им помогне на учениците и на нивните родители за донесување на одлуки во клучните фази на нивното образование.

Кариерното катче го пуштија во употреба градоначалникот Тони Трајковски, претставник од УСАИД и директорката на ОУ Стив



Наумов Елена Панева.

Учениците од осмо одделение имаа кратка презентација на Проектот пред присутните.

# Денови на Европа



■ Општина Гази Баба зема активно учество во одбележување на Денот на Европа.

Учество земаа основните училишта: Стив Наумов, Дане Крапчев, Наум Наумовски Борче и Григор Прличев, при што учениците од овие училишта ги претставија карактеристиките на следните земји: Холандија, Литванија, Ирска и Данска, преку цртежи, ракотворби, песни и друго.

Манифестацијата се одржа во Градскиот Парк.















# Најдобрите ученици на прием кај градоначалникот

■ 120 ученици од основните училишта од општина Гази Баба, кои на државните првенства во учебната 2010/2011 година имаат освоено први места, беа гости на општината.

Градоначалникот Тони Трајковски ги поздрави учениците, наставниците и директорите на училиштата од каде доаѓаат, им подели благодарници за афирмација на општината и им посака многу успех во понатамошното школување, напоменувајќи дека општината за најдобрите ученици и секции секогаш обезбедувала и ќе обезбедува помош при нивните патувања на училишните натпревари.

Благодарници добија:

- Јана Патревска и Тамара Стојанова ОУ Григор Прличев - македонски јазик
- Наставник Љупчо Јордановски
- Марија Мијовска ОУ Крум Тошев - математика
- Наставник Фанче Васовиќ
- Сандра Стојанова ОУ Крум Тошев - географија
- Наставник Катарина Марковска
- Христијан Николовски ОУ Крум Тошев - радиоаматери
- Наставник Ѓорѓе Лазаревски
- Оркестар ОУ Дане Крапчев
- Наставник Ванчо Јовчев
- Оркестар ОУ Н.Н. Борче
- Наставник Весна Трајковска
- Хор ОУ Н.Н. Борче
- Наставник Весна Трајковска















## Ансамблот "Јонче Христовски" прв на Меѓународниот фолклорен фестивал во Турција

■ На Меѓународниот фолклорен фестивал, кој што се одржа од 28 јуни до 4 јули во Истамбул, Република Турција, Ансамблот за народни песни и игри "Јонче Христовски" од Автокоманда, во конкуренција на 10 ансамбли, го



освои првото место.

На фоклкорниот фестивал учество земаа и фолклорни ансамбли од Турција, Кипар, Словачка, Индонезија, Украина, Полска, Грција, Порторико и Египет.

Во жири комисијата од осум члена беа претседателот на фолклорната федерација на Турција, претставникот на федерацијата од градот Истанбул, како и шест докажани стручни лица од областа на фолклорот.

На фестивалот Ансамблот имаше повеќе успешни настапи, на кои се претстави со игри од Скопско, игри од Источна и Егејска Македонија, кореографијата Жетварка, Мариовска Тресеница и фрагменти од Калајџиско оро. На сите свои настапи Ансамблот се претстави со автентични народни носии и беше придружуван од народниот оркестар при ансамблот.

Наградата за најуспешен Ансамбл им ја додели градоначалникот на Истамбул, Кадир Топбаш.

Учеството на Ансамблот за народни песни и игри "Јонче Христовски" на Меѓународниот фолклорен фестивал во Турција беше помогнато од општина Гази Баба и од градот Скопје.

# Македонскиот јазик и топоними во сообраќајна сигнализација на Албанија




■ 14 април 2011 година, Пустец, Албанија - Градоначалникот на општина Гази Баба Тони Трајковски со соработниците ја посети општина Пустец во областа Мала Преспа, Република Албанија. За време на престојот градоначалникот Тони Трајковски му предаде на градоначалникот на општина Пустец, Едмонд Темелко 9 патокази, табли за деветолетката, болницата, здравствениот дом и гимназијата, 56 табли за улици и табли за 11 плоштади во девет населени места во општина Пустец, донација одобрена со одлука на Советот на општина Гази Баба.



Имињата на населените места се на албански јазик и неговото латинично писмо, македонскиот јазик со албанско писмо и на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а улиците и плоштадите на македонски и албански јазик. Ова е прва службена употреба на македонскиот јазик, покрај албанскиот јазик, во сообраќајната сигнализација на територијата на Република Албанија, во општина Пустец каде сите се Македонци.

Република Албанија службено признава постоење на околу 6.000 Македонци само во областа Мала Преспа, иако нивниот број е далеку поголем на целата територија на Република Албанија, посебно во областите Голо Брдо, средна Албанија и областа Гора во делот на северна Албанија, према границата со Македонија.

Општина Пустец е единствена општина во светот која за грб го има шесанаесетзрачното златно-жолто сонце.

Со одлука на Советот на општина Пустец и дозвола од префектурата Корча, одобрени се следните улици: Церска, Света Марија, Тодорица, Карпошово востание, Методија Андонов Ченто, Александрова, Свети Петар, Даме Груев, Илинденска, Крсте Петков Мисирков, Иван Планина, Левченска, Свети Василиј, Санданска, Самоилова, Александрова, Делчевска, Митре Колевски, Македонска, Боре Малевски, Поповска, Свети Архангел Михаил, Веве-2, Печовска, К'ната, Крале Марко, Свети Ѓорѓија, Свети Никола, Нечовска, Илинденско Востание, Преспа, Свето Благовештение, Кочо Рацин, Рибарска, Ило Дигала, Сирма Војвода, Преспа, Долногоричка, Свети Кирил и Методиј, Гоце Делчев, Отпорот на Горичани, Свети Димитрија, Свети Климент и Наум, Коревска, Шулинска, Јосиф Јосифовски Свештарот, Филип ИИ Македонски, Галичица, Цар Самоил, Тумички Свирачи, Јане Сандански, Македонска Фаланга и Света Марена.




Со одлука на Советот на општина Пустец и дозвола од префектурата Корча, одобрени се следните плоштади: Илинденско востание, Александар Македонски, Пандо Горичанецот, Методија Андонов Ченто, Филип ИИ Македонски, Гоце Делчев, Трајан Ѓорѓиовски, Европа, Јане Сандански, Ѓорче Петров и Стерјо Спасе.

Улиците и плоштадите носат имиња од македонската култура и историја, како и Македонци кои оставиле белег во борбата за македонските права во општина Пустец и Република Албанија.

Градоначалникот на општина Пустец Едмонд Темелко се заблагодари на донацијата на општина Гази Баба, оценувајќи ја за историска, бидејќи со поставувањето на патоказите за деветте населени места во општина Пустец (Горна Горица, Туминец, Долна Горица, Глобочани, Шулин, Леска, Пустец, Зрноско и Церје) и обележувањето на улиците и плоштадите, општина Пустец е прва општина во Република Албанија која оваа обврска ја извршила по одлука на Владата на Република Албанија.

Градоначалникот Тони Трајковски укажа на меѓуопштинската соработка и на унапредувањето на македонско-албанската соработка и правата на националните малцинства, како битен предуслов за регионална стабилност.

- Светскиот Македонски Конгрес и Сојузот на Македонците од Егејот МАКЕДОН и благодарат на општина Гази Баба за донацијата на општина Пустец и изразуваат задоволство од службеноста на македонскиот јазик, покрај албанскиот, во сообраќајната сигнализација во општина Пустец, Република Албанија. На тој начин се афирмира македонскиот идентитет во Република Албанија и се унапредуваат македонско-албанските односи. Со согласноста на надлежните органи, Република Албанија е прва од соседните земји на Република Македонија во регионот, која ја одобри македонската топонимија на населените места во општина Пустец, каде што живеат само етнички Македонци. Таквата мерка ја оценуваме за позитивна и во функција на јакнење на добрососедството и билатералната и регионална соработка, - изјави претседателот на Светскиот Македонски Конгрес Тодор Петров, кој присуствуваше на овој значаен историски настан за Македонците во Република Албанија заедно со претседателот на Сојузот на Македонците од Егејот МАКЕДОН Ташко Јованов.



# Фолклорни смотри 2011

На плоштадот во Автокоманда се одржа првата детска фолклорна регионална смотра на град Скопје.

Оваа културна манифестација беше во организација на Сојузот на фолклорни ансамбли на Македонија во соработка со Домот на културата ,, Кочо Рацин,,-Скопје и општина Гази Баба.

Градоначалникот Тони Трајковски ги поздрави присутните членови на Ансамблите и културно уметничките друштва и љубителите на фолклорот кои ги имаше во голем број, а преседателот на Сојузот на фолклорни ансамбли на Р. Македонија Боро Рунтевски, ја прогласи за отворена културната манифестација.

Во уметничкиот дел настапија 12 ансамбли кои изведоа народни песни и ора, кои го одразуваат животот и обичаите на луѓето од сите краеви на Македонија.












**Кошаркарската екипа од Вера Јоциќ на прием кај градоначалникот**

■ Женската кошаркарска екипа од основното училиште Вера Јоциќ од нас. Хиподром учествуваа на Малите олимписки игри, кои се одржаа од 12 - 14 мај во Битола.



кошаркарската екипа со наставничката и директорката Градоначалникот



Тони Трајковски ја прими во својот кабинет и им подари комплет дрес.



# Вице шампионот на Европа во карате на прием кај Градоначалникот

■ Градоначалникот Тони Трајковски ги прими претставниците на Карате клубот Металург, кои од триесетиосмото европско првенство, кое се одржа во Нови Сад се вратија како вице шампиони, во категоријата кадети до 57 килограми.

На приемот кај градоначалникот беа присутни Драган Гроздановски и Мирче Јанушевски, тренери и Азис Исмаили со својот татко Аднан Исмаили.

Азис Исмаили како репрезентативец на Македонија во категоријата кадети до 57 кг. по четири победи стана вице шампион на Европа. Во репрезентацијата на Македонија од Карате клубот Металург имаа 7 свои претставници, што говори за квалитетот на тренерскиот тим и успесите на членовите на клубот од Автокоманда.

На Европското првенство во Нови Сад учество земале 45 земји, кои се натпреварувале во 31 категорија.

# Меѓународен карате турнир Гази Баба ОПЕН





■ Во Спортската сала М. А. Ченто, под покровителство на општина Гази Баба, а во организација на КК Тигар од нас. Железара, се одржа меѓународниот турнир Гази Баба ОПЕН 2011. На турнирот покрај Македонија, учество земаа екипи од Србија, Бугарија, Црна Гора, Словенија и Косово, со над 320 учесници. Турнирот за отворен го прогласи градоначалникот Тони Трајковски.

Натпреварите се одвиваа во кати и спортски борби, а во севкупен пласман 1 место освоија КК Гладијатор од Велес, 2 место КК Ф. Гичин од Скопје и 3 место КК Кожув од Кавадарци, сите од Р. Македонија. Најдобар поединец беше натпреварувач од Р. Црна Гора, а најдобра екипа во кати од Р. Македонија.






# Гази Баба со Оскар за најголем подржувач на спортот во 2010

■ Општина Гази Баба посветува големо внимание на спортот и спортските активности.

Посебна грижа општината води за училишниот спорт, кој преку општинскиот сојуз на училишен спорт Гази Баба, организира натпревари во повеќе спортски училишни лиги и турнири, во кои се вклучени 800 ученици и 20 наставници по физичко воспитание.

Поради своите активноти и поддршката на училишните лиги во општината Гази Баба, Градоначалникот Тони Трајковски на доделувањето на спортски оскар за 2010 година, во организација на Телевизија Сител, го доби оскарот за најспортски градоначалник во 2010 година.





## Меѓународен карате турнир



## Солидарност-опен

■ Општина Гази Баба и Карате клубот "Солидарност" го организираа меѓународниот карате турнир, кој традиционално се одржува по единаесети пат.

На турнирот учество земаа репрезентации од повеќе земји, со над 600 натпреварувачи.





## Дружење низ спортски активности

■ Општина Гази Баба во соработка со Фудбалската федерација на Македонија и Отворените фудбалски школи, во пресрет на при-



јателскиот фудбалски натпревар помеѓу Македонија и Камерун, организираа Грасрут натпревари.

Во спортската сала М.А. Ченто во Маџари 100 ученици од 5 и 6 одделение ги покажуваа своите спортски способности, но и коректната комуникација во меѓусебните натпреварувања.



Сите учесници во спортските активности од ФФМ добија маички и шорцеви, а исто така добија и влезници за натпреварот на репрезентациите на Македонија и Камерун.






Во спортската сала "М.А. Ченто", во рамките на училишната лига, организирана од Општинскиот Сојуз на училишен спорт на Гази Баба и Општина Гази Баба, Градоначалникот Тони Трајковски ги додели пехарите на првите три екипи во мал фудбал, кошарка, ракомет, одбојка и пинг понг, а на сите учесници им беа доделени дипломи за учество.











# Завршна манифестација на



























# училишните спортски лиги

## КАТЕРИНА И ФИЛИП СЕЛАМОВСКИ

# Спортски а



Катерина и Филип Селамовски, ученици во ОУ Стив Наумов се нашите надежи во пливање. Започнуваат со тренинзи од својата петта година, а веќе на шестгодишна возраст настапуваат на државните првенства и митинзи во Македонија.

Катерина и Филип се членови на пливачкиот клуб "Делфин" од Скопје, а пливање тренираат секој ден.

На државните натпреварувања Катерина има освоено награди во категориите: 100 м грбно - 1 место, штафетно 4х100 прво место, 50 м и 200 м грбно 2 место и штафетно 4х100 м мешано, 2 место. Во 2010 година има учествувано на Илинденскиот пливачки маратон во Охрид на 2,5 км за девојчиња.

Филип има освоено награди во категориите 100 м градно 1 место, 100 м делфин 2 место и штафетно 4х100, каде со своите другари имаат поставено рекорд на Република Македонија во дисциплина на постари пионери.

Нашите спортски амбасадори, настапувале на повеќе меѓународни пливачки митинзи и натпреварувања во Ниш, Јагодина, Кикинда, Нови Сад, а од таму се враќале закитени со медали.

Сестрата и братот близнаци, покрај големите успеси кои ги постигнуваат во спортот, тие се и одлични ученици. За своето училиште имаат освоено голем број на награди на градски, регионални и државни натпревари по математика, англиски јазик, ликовни конкурси и натпревари од народна техника.

За да се биде успешен на некое поле, како што се нашите Катерина и Филип, потребно е многу љубов кон тоа што се работи, одрекување од многу нешта, огромна поддршка од родителите, кои пак се благодарни на поддршката и разбирањето која ја имаат од директорката и наставниците од основното училиште "Стив Наумов", тренерот Александар Филипчев и посебна благодарност до градоначалникот Тони Трајковски и општината Гази Баба.




# мбасадори



## Контакти со Општина Гази Баба

**Адреса:**
Бул. "Александар Македонски" 6б, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02 / 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02 / 3 21 22 76 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за правни и Општи работи | 02 / 3 22 59 32 |
| Сектор за јавни дејности | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за Финансиски прашања | 02 / 3 22 56 55 |
| Сектор за урбанизам, комунални работи и сообраќај | 02 / 3 23 95 34 |
| Сектор за заштита на животната средина и природата | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за локален економски развој | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за инспекциски работи инспекторат | 02 / 3 22 66 55 |
| **Факс** | 02 / 3 23 89 66 и 02 / 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **redakcija@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |
| **Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба** | **0800-42-222** |

Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:**
Емилија Кипровска

**Компјутерска обработка и дизајн:**
Дејан Стојанов

**Печати:**
Европа 92

**Тел:** 02/ 3 22 66 55;
3 23 89 66;